Бр. ___________________

_____________година

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКА И БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2018 ГОДИНА**

**Генерална цел на оваа програма е спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето на територијата на целата Република.**

Притоа, основни цели на оваа програма се:

1. Намалување на инциденцата на бруцелоза кај луѓето;
2. Спречување на појава на компликации, хронични форми и инвалидитет;
3. Спречување на појава на рецидиви;
4. Намалување на стапката на смртност;
5. Микробиолошка потврда на секој сомнителен случај;
6. Континуирана медицинска едукација, обновување на знаењата на здравствените и ветеринарните работници;
7. Информираност и здравствена едукација на општата популација и на професионално експонираните лица, со цел превенција на бруцелоза.

Овие цели се остваруваат преку следните активности:

1. Спроведување на мерките и активностите за спречување на појавата, понатамошно ширење на бруцелозата и нејзино сузбивање на територија на целата Република, особено во критичните региони;
2. Епидемиолошко следење и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата;
3. Рано и активно откривање на заболените лица, нивно пријавување до надлежните институции, анкетирање, информација и едукација;
4. Рано и адекватно лекување на заболените;
5. Задолжително лабораториско докажување на бруцелозата;
6. Континуирана медицинска едукација на здравствените работници;
7. Информирање и здравствено едукативна дејност.

## I. УСПЕШНОСТА НА ПРОГРАМАТА СЕ ОЦЕНУВА ПРЕКУ ОСНОВНИТЕ ИНДИКАТОРИ НА ИСХОД:

1. Инциденца на бруцелоза
2. Појава на рецидиви и реинфекции
3. Информираност на населението, здравствените и ветеринарните работници

## II. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

За остварување на целите утврдени со оваа програма се спроведуваат следните мерки и активности:

1. Изготвување на 10 работни оперативни планови на регионално ниво, од страна на ЦЈЗ, со активностите за спречување и сузбивање на бруцелозата на територијата на подрачјето кое го покриваат, врз основа на епидемиолошката состојба на таа територија.
2. Организирање на 6 регионални советувања/работилници на тема бруцелоза – епидемиолошка и епизоотолошка состојба при ЦЈЗ и епидемиолошката дејност, на кои здравствените работници од Републиката (епидемиолози, инфектолози, микробиолози, матични доктори, претставници од Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) и претставници од ветеринарната медицина) на регионално ниво ќе се запознаат со раширеноста на бруцелозата во Република Македонија, со епизоотолошката и епидемиолошката состојба, со клиничката слика, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и со мерките и активностите кои треба да се спроведуваат за нејзино сузбивање.
3. Секој ЦЈЗ на својата територија организира 10 предавања за население во рурални средини како и 10 предавања за ризични групи на работници со цел запознавање на населението со оваа болест, начините на превенција и опасностите.
4. Активен епидемиолошки надзор на терен преку епидемиолошко извидување и епидемиолошки истражувања за секој откриен случај на бруцелоза кај луѓето или добиен податок за заболен добиток на одредена територија (од АХВ/ ветеринарни инспектори) како и за рано откривање и дијагноза, евидентирање, пријавување и анкетирање на сите сомнителни и дијагностицирани случаи на бруцелоза со цел да се откријат сите заболени лица во таа населба и навреме да се подложат на медицински третман. ЦЈЗ/ ПЕ зема материјали за серолошка дијагностика и изготвува информации.
5. Секој случај на заболување од бруцелоза се пријавува до епидемиолошката дејност на територијата каде е регистрирана болеста. Епидемиолошките служби при ЦЈЗ/ПЕ ги обработуваат и евидентираат пријавите и за секој случај го известуваат ИЈЗ и ветеринарната инспекција надлежна за одредена територија. ЦЈЗ/ПЕ изработуваат епидемиолошка анкета за секој заболен и заедно со пријавата ги доставуваат до ИЈЗ каде се врши внесување во дата-базата, обработка и анализа на пријавите и епидемиолошките анкети на заболените, врз база на што се изработуваат извештаи.
6. Здравствен надзор над ветеринарните работници, сточарите, работниците во кланиците, млекарниците и во кожарската индустрија ќе се врши преку систематски здравствени прегледи, во кои се вклучени клиничко-серолошки испитувања на бруцелоза.
7. За секој случај на заболување од бруцелоза кај добиток или докажување на причинителот во животински продукти, АХВ го известува ИЈЗ, кој ја препраќа информацијата до надлежниот ЦЈЗ/ПЕ. Истовремено, по добивање на резултатите,


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

надлежната ветеринарна инспекција ја известува епидемиолошката дејност при надлежниот ЦЈЗ/ПЕ, на територијата каде е регистрирано заболувањето/позитивниот лабораториски наод.

8. Во случај на зголемен број на заболени или појава на епидемија на бруцелоза, ЦЈЗ ќе прават епидемиолошки увиди за следење на состојбата на теренот во соработка со ИЈЗ и ќе предлагаат мерки за спречување на понатамошно ширење/сузбивање на епидемијата, кои ги доставуваат до ДСЗИ во вид на информации со предлог мерки и ги доставуваат до Министерството за здравство. АХВ ќе направи увид во епизоотолошката состојба во подрачјето и ќе го извести ИЈЗ за констатираната состојба.
9. Микробиолошко - лабораториска дијагностика на бруцелозата кај луѓето ќе се врши во лабораториите на ЦЈЗ за територијата за која се основани и во лабораториите на ИЈЗ, со користење на следните микробиолошки испитувања: *Brucelacapt* (850) и *BAB* (900). Во вкупниот број тестирања, ИЈЗ ќе учествува со 150 анализи на *BAB* и 150 анализи на *Brucelacapt.*
10. Лабораториска конфирмација и верификација на сомнителните и позитивните серолошки наоди во ЦЈЗ/ПЕ ќе се врши во микробиолошката лабораторија на ИЈЗ, со примена на PCR-дијагностика (50 тестови).
11. ИЈЗ ќе дава стручно-методолошка помош од областа на следење и надзор над состојбата со бруцелоза преку теренски увиди – во секој ЦЈЗ, односно во оние региони каде се регистрирани поголем број на заболени лица или епидемии на бруцелоза и преку други средства за комуникација со ЦЈЗ/ПЕ и други здравствени установи (веб страна, електронска пошта), како и информирање за состојбите со ова заболување кај нас и во светот, за што ќе бидат изработени различни информации, упатства и стручни мислења.
12. Здравствено воспитување и едукација на населението се врши преку водење на разговори (при теренски посети и анкетирање), потоа по пат на организирани предавања во установи и институции, како и во населените места (ЦЈЗ/ПЕ); преку средствата за јавно информирање, постоечките веб страни (ИЈЗ, ЦЈЗ), при што населението се запознава со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата и друго.
13. ИЈЗ и 10-те ЦЈЗ во текот на првиот квартал ќе подготват и испечатат флаери за населението со цел запознавање со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата кои ќе бидат дистрибуирани во текот на спроведувањето на здравствено едукативните активности.
14. Медицински факултет - Скопје – Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика одржи две акредитирани предавања од областа на интервентна теренска епидемиологија со цел јакнење на капацитетите на епидемиолошките служби.

Табела број 1: Приказ по обем и вид на активности по извршители


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| ЦЈЗ извршители | анкети | надзори | БАБ тест | Brucella capt.test | PCR | Вк.број предавања во рурални средини и за работници | Регионални семинари | Стручно-методолошка помош | Интервентна епидемиологија | Бр.ој на отпечатени брошури |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦЈЗ Штип | 70 | 80 | 100 | 80 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗСкопје | 47 | 47 | 47 | 50 | 0 | 10 | / | / | / | 100 |
| ЦЈЗВелес | 60 | 98 | 100 | 100 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗПрилеп | 50 | 60 | 100 | 80 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗТетово | 30 | 60 | 80 | 60 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗСтрумица | 50 | 80 | 80 | 50 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗКуманово | 50 | 60 | 80 | 50 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗБитола | 30 | 55 | 80 | 40 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗОхрид | 30 | 50 | 80 | 40 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗКочани | 25 | 35 | 50 | 40 | 0 | 16 | / | / | / | 1000 |
| ИЈЗ | 0 | 0 | 100 | 80 | 50 | 0 | 3 | 10 | / | 3000 |
| Медицински факултет | / | / | / | / | / | / | 3 | / | 2 | 0 |
| **вкупно** | **442** | **625** | **897** | **670** | **50** | **170** | **6** | **10** | **2** | **16.296** |

## VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 2018 година, беа потребни следните средства:

| Број | Назив | Извршители | Количина (вкупно) | Единечна цена (во денари) | Вкупно износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Епидемиолошки надзор на терен и истражување | 10-те ЦЈЗ | 625 | ден 500,00 | ден 312.500,00 |
| 2. | Епидемиолошки анкети | 10-те ЦЈЗ | 442 | ден 100,00 | ден 44.200,00 |
| 3. | ВАВ тест | ЦЈЗ и ИЈЗ | 897 | ден 220,00 | ден 197.340,00 |
| 4. | Brucella capt.тест | 10-те ЦЈЗ и ИЈЗ | 670 | ден 900,00 | ден 603.000,00 |
| 5. | PCR | ИЈЗ | 50 | ден 3.500,00 | ден 175.000,00 |
| 6. | Семинари едукативни | ИЈЗ и Медицински факултет - Скопје | 6 | ден 25.000,00 | ден 150.000,00 |
| 7. | Предавања за население во рурални средини и експонирани работници | 10-те ЦЈЗ | 170 | ден 1.500,00 | ден 255.000,00 |
| 8. | Стручно - методолошка помош | ИЈЗ | 10 | ден 5.000,00 | ден 50.000,00 |
| 9. | Специфична едукација по интервентна епидемиологија | Медицински факултет - Скопје | 2 | ден 25.000,00 | ден 50.000,00 |
| 10. | Печатење на флаери | 10-те ЦЈЗ и ИЈЗ | 16.296 | ден 10,00 | ден 162.960,00 |
| | Средства обезбедени од основниот Буџет | | | | ден 1.500.000,00 |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | | ден 500.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | **2.000.000,00 ден** |

Оваа програма се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2018 година во висина од **2.000.000,00 денари**, од кои 1.500.000,00 денари од основен буџет и 500.000,00 денари од сопствени средства на Министерството за здравство**.**


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk